РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бр. 02-1363/1
25-03. 2020 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеја 4[1], а во врска со член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19, 154/19 и 42/20) и член 11, член 15 став 1 алинеја 11 и член 39 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр. 02-1291/6 од 25.03.2020 година, на 15та седница одржана на 25.03.2020 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година (со Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2019 година и Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2019 година и годишна сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2019 година)

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најдоцна до 31 март во тековната година, има обврска да даде отчет пред Собранието на Република Северна Македонија, со доставување извештај за својата работа во претходната година.

Следствено на тоа, беше изработен Годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година, кој согласно член 8 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги содржи: извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата за 2019 година, извештај за реализацијата на Годишниот план за програмски надзор за 2019 година, финансиски извештај за реализација на финансискиот план за 2019 година и годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година, групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и став на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Имајќи го предвид горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеја 4, а во врска со член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19, 154/19 и 42/20) и член 11, член 15 став 1 алинеја 11 и член 39 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр.02-1291/6 од 25.03.2020 година, на 15та седница одржана на 25.03.2020 година, донесе Одлука како во диспозитивот.

Изработила: Катерина Доневска
Одобрила: м-р Магдалена Д. Довлева

Согласна: м-р Драгица Љубевска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:
- Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот;
- Сектор за стратешко планирање и авторски права;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – архива.